16.08.2021
01 489/2

03-142/4
09.07. 21

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 17 седница одржана на 05.05.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Економски науки", трет циклус на докторски академски студии (180 ЕКТС), на Економски Факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Економски науки", трет циклус на докторски академски студии (180 ЕКТС), на Економски Факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор по економски науки од областа на Економски науки /во меѓународен промет академски студии назив: Ph.D. in Economics

4. Научно - истражувачко подрачје: 5 - Општествени науки,

Научно – истражувачко поле: 503 - Економски науки,

Научно – истражувачка област: 50300 - Економска теорија, 50301 - Политичка економија, 50302 - Применета економија, 50303 - Историја на економската мисла, 50304 - Економска историја, 50305 - Економски развој, 50306 - Регионална економија, 50307 - Меѓународни економски односи, 50308 - Фискална економија, 50309 - Меѓународна економија, 50310 - Просторна економија и екологија, 50311- Економска индустрија, 50312 - Економика на јавни служби, 50313 - Економика на трговија, 50314 - Економика на аграрот и шумартсвото, 50315 - Економика на собраќај, 50316 - Економика на образование, 50317 - Економика на градежништво, 50318 - Економика на туризам и угостителство, 50319 Економика на надворешна трговија, 50320 - Економија на трудот, 50321 Банкарство, 50322 - Економетрија, 50323 - Економика на претпријатијата, 50324 - Економика на инвестиции, 50325 - Маркетинг, 50326 - Финансии, 50327 - Економска статистика, 50328 - Сметководство, 50329 - Друго.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се:
Проф. д-р Михаил Петковски, Проф. д-р Анита Циунова Шулевска, проф. д-р Љупчо Ефтимов, проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска, проф. д-р Атанаско Атанасовски, проф. д-р Марина Трпевска, проф. д-р Александра Наумовски, проф. д-р Леонид Наков, проф. д-р Стојан Дебарлиев, проф. д-р Сашо Ќосев, проф. д-р Предраг Трпески, проф. д-р Горан Петревски, , проф. д-р Таки

Фити, проф. д-р Љубе Трпески, проф. д-р Трајко Славевски, проф. д-р Пеце Недановски, проф. д-р Љубомир Дракулевски, проф. д-р Владимир Филиповски, проф. д-р Борче Треновски, проф. д-р Снежана Ристевска Јовановска, проф. д-р Ирена Кикеркова, проф. д-р Љубомир Кекеновски, проф. д-р Снежана Костадиновска Милошевска, проф. д-р Климентина Поповска, проф. д-р Кирил Јовановски, проф. д-р Виолета Цветкоска, проф. д-р Ежени Брзовска.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По предходно донесената одлука бр. 01-330/1 од 08.02.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Економски науки", трет циклус на докторски академски студии (180 ЕКТС), на Економски Факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 142/1 од 05.03.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 15-та седницата одржана на 07.04.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 142/3 од 21.05.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 17-та седница одржана на 05.05.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

| Примено: | 04.10.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 01 | 489/4 | | |

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Скопје/Shkup, 21 септември 2021 година/viti
Бр./Nr.: 40-9877/1

ДО: МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

СКОПЈЕ

Во прилог за извршување ви се доставува Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Економски науки" на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесено од Владата на Република Северна Македонија, под бр. 40-9877/1 од 21 септември 2021 година.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

SEKRETARI I PËRGJITHSHËM I QEVERISË SË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Мухамед Зекири/Muhamed Zeqiri

ПРИЛОГ: 1

ДОСТАВЕНО И ДО:
- Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
- Агенцијата за квалитет во високото образование

Подготвил: д-р Стефан Волкановски
Проверил: Зоран Брњарчевски / м-р Биљана Цоневска
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Согласен: Дејан Јакимовски

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 септември 2021 година, дава

**РЕШЕНИЕ**
**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Економски науки" на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Економски науки" на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добивање на Решение за акредитација бр.08-142/4 од 9.7.2021 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, достави барање бр.01-512/7 од 17.8.2021 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 08-699/1 од 17.8.2021 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа студиската програма од трет циклус на студии по „Економски науки" на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-699/2 од 20.8.2021 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 27.8.2021 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-699/3 од 6.9.2021 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Економски науки" на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Бр. 40-9877/1
**21 септември 2021 година**
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**

19.08.2021

01 510/6

08-287/5
18.08.21

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 165 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 16 седница одржана на 28.04.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Организациски науки и управување (менаџмент) ", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Организациски науки и управување (менаџмент) ", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на Организациски науки и управување (менаџмент) /во меѓународен промет академски назив: PhD in Organizational science and menagment.

4. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки.
Научно – истражувачко поле: 506 Организациски науки и управување (менаџмент) .
Научно – истражувачка област: 50600 do 50623.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: Проф.д-р Анита Циунова Шулеска, Проф.д-р Љупчо Ефтимов, Проф.д-р Виолета Цветкоска, Проф.д-р Зорица Божиновска Лазаревска, Проф.д-р Атанаско Атанасовски, Проф.д-р Марина Трпеска, Проф.д-р Александар Наумовски, Проф.д-р Леонид Наков, Проф.д-р Стојан Дебарлиев, Проф.д-р Сашо Јосимовски, Проф.д-р Предраг Трпески, Проф.д-р Лидија Пулевска Ивановска, Проф.д-р Љубомир Дракулевски, Проф.д-р Кирил Постолов, Проф.д-р Снежана Ристевска Јовановска, Проф.д-р Љубе Трпески, Проф.д-р Игор Ивановски, Проф.д-р Драган Тевдовски, Проф.д-р Мартин Михајлов, Проф.д-р Ежени Брзовска, Проф.д-р Мијалче Санта, Проф.д-р Климентина Попоска, Проф.д-р Зоран Јаневски, Проф.д-р Диана Бошковска, Проф.д-р Наташа Даниловска, Проф.д-р Васил Поповски, Проф.д-р Билјана Ангелова, Проф.д-р Татјана Петковска –Мирчевска, Проф.д-р Силвана Мојсовска, Проф.д-р Мирјана Борота-Поповска, Проф.д-р Елеонора Серафимовска, Проф.д-р Маријана Марковиќ, Проф.д-р Марија Топузовска Латковиќ, Проф.д-р Славејко Сасајковски, Проф.д-р Анета Цекиќ, Проф.д-р Весна Забијакн Чатлеска.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 03-206/1 од 09.31.2020 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Организациски науки и управување (менаџмент) ", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08-287/1 од 29.03.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 15-та седницата одржана на 07.04.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр. 08-287/3 од 21.05.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 16-та седница одржана на 28.04.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

| Примено: | 04.10.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 01 | 5109 | | |

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Скопје/Shkup, 21 септември 2021 година/viti
Бр./Nr.: 40-9918/1

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

С К О П Ј Е

Во прилог за извршување ви се доставува Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Организациски науки и управување (менаџмент)" на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесено од Владата на Република Северна Македонија под бр. 40-9918/1 од 21 септември 2021 година.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

SEKRETARI I PËRGJITHSHËM I QEVERISË SË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Мухамед Зекири/Muhamed Zeqiri

ПРИЛОГ: 1

ДОСТАВЕНО И ДО:
- Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
- Агенцијата за квалитет во високото образование

Изработил: Стефан Куковски
Контролирал: Зоран Брњарчевски / м-р Биљана Цоневска
Согласен: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Одобрил: Дејан Јакимовски

рз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 септември 2021 година, дава

## РЕШЕНИЕ
### за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Организациски науки и управување (менаџмент)" на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Организациски науки и управување (менаџмент)" на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација бр.08-287/5 од 18.8.2021 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, достави барање бр.09-510/7 од 20.8.2021 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 08-714/1 од 20.8.2021 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Организациски науки и управување (менаџмент)" на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-714/2 од 24.8.2021 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.
Комисијата на 31.8.2021 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-714/3 од 6.9.2021 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Организациски науки и управување (менаџмент)" на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).
Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет во високото образование.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Бр. 40-9918/1
21 септември 2021 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ
Примено: 17.09.2021
Орг. Един. 01 | Број 448/4 | Прилог: | Вредност:

03 1413/7
17.09.21

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 205 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 21 седница одржана на 09.09.2021 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Статистички методи за бизнис и економија", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Статистички методи за бизнис и економија", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор по економска статистика, во меѓународен промет академски назив: Ph.D in Economic statistics.

4. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки.
Научно – истражувачко поле: 513 Статистика
Научно – истражувачка област: 51300 Теорија и методи на општествената статистика, 51301 Статистика на национални сметки и стопански баланси, 51302 Индустриска статистика, 51303 Земјоделска статистика, 51304 Економска статистика, 51305 Социјална статистика, 51306 Демографска статистика

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се:
Проф. д-р Весна Буцевска, проф. д-р Драган Тевдовски, проф.д-р Марија Трпкова - Несторовска.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

## Образложение

По предходно донесената одлука бр. 01 - 331/1 од 08.02.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Статистички методи за бизнис и економија" од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 143/1 од 05.03.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 15-та седницата одржана на 07.04.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 143/6 од 15.09.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 21-та седница одржана на 09.09.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 ноември 2021 година, дава

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ во Скопје
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ
Примено: 15-11-2021
Орг. Един. 01 4881/6

## РЕШЕНИЕ

за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Статистички методи за бизнис и економија“ на Економскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Статистички методи за бизнис и економија“ на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По добивање на Решение за акредитација бр.08-143/7 од 17.9.2021 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, достави барање бр.0809-532/2 од 27.8.2021 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр.08-883/1 од 20.9.2021 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Статистички методи за бизнис и економија“ на Економскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-883/2 од 20.9.2021 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на 22.9.2021 година, изврши увид и изготви Извештај бр.08-883/3 од 27.9.2021 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Статистички методи за бизнис и економија“ на Економскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование*, Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.
ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Бр. 40-11121/1**
**2 ноември 2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**